СКОЛАР-П

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“
Александар Марјан Проданоски ТП
ул. Орде Тодороски – Шемко бр.45
7500 Прилеп, Р.С. Македонија
Моб: +389 75 453 219
tpskolarp@gmail.com
www.skolar-p.mk

Трговец поединец за ревизија и консалтинг
СКОЛАР-П
Александар Марјан Проданоски ТП
Бр. 03-462/1
Прилеп, 31.03. 2026 год.

Врз основа на член 35 од Законот за ревизија (Службен Весник на РСМ бр. 158/10, 135/11,... 122/21), Трговец поединец за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“ Александар Марјан Проданоски ТП Прилеп на ден 31.03.2026 година го поднесува овој:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
# ЗА 2025 ГОДИНА

Содржина:

1. Опис на правната структура и сопственост
2. Опис на професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа
3. Опис на управувачката структура
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитет и изјава за ефективноста на неговото функционирање
5. Датум кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со Законот за ревизија
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува
7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината за која се известува
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор
11. Прилог 1 - Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет
12. Прилог 2 – Изјава за независното работење на овластениот ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени
13. Прилог 3 – Изјава за политиката што ја следи овластениот ревизор – трговец поединец за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината која се известува

## 1. ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

- **Целосен назив на субјектот**

Трговец поединец за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П" Александар Марјан Проданоски ТП Прилеп

- **Опис на правната форма**

Трговец поединец

- **Дата на основање според тековна состојба**

07.07.2021 година

- **Место и држава на основање**

Прилеп, Република Северна Македонија

- **Адреса на седиште**

ул. Орде Тодороски - Шемко бр. 45 – Прилеп

- **Опис на сопственичка структура**

Сопственост на 1 (едно) физичко лице – овластен ревизор, Александар Проданоски од Прилеп.

- **Број на лиценца за работа за вршење на работи на ревизија**

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П" – Прилеп поседува Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор – трговец поединец број 08-213/3 од 12.08.2021 година, регистарски број 18. Издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

Александар Проданоски поседува Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор број 07-124/1 од 29.04.2013, регистарски број 53, издадена од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

- **Број на вработени лица во субјектот**

На ден 31 декември 2025 година во ТП „СКОЛАР-П" Прилеп беа вработени 2 (две) лица, од кои едно лице овластен ревизор на неопределено полно работно време и едно лице на определено полно работно време. Заклучно со датумот на овој извештај (31 март 2026) во ТП „СКОЛАР-П" Прилеп има вработено 2 (две) лица – едно лице овластен ревизор на неопределено полно работно време и едно лице на определено полно работно време.

- **Приоритетната дејност/главна приходна шифра**

Приоритетна дејност (согласно НКД): 69.200 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

- **Број на подружници на субјектот регистрирани во државата, нивните целосни називи и адресите на нивните регистрирани седишта**

Друштвото нема регистрани подружници во државата.

- **Број на други друштва во земјата во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност**

ТП „СКОЛАР-П" - Прилеп не се јавува како основач на други друштва во земјата.

- **Број на подружници на субјектот регистрирани во странство, нивните целосни називи, адресите на нивните регистрирани седишта**

Овластениот ревизор – трговец поединец нема регистрани подружници во странство.

- **Број на други друштва во странство во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност**

Овластениот ревизор – трговец поединец не се јавува како основач на други друштва во странство.

- **Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија**

Број на полиса: LIB0659777
Друштво за осигурување: АД за осигурување и реосигурување „МАКЕДОНИЈА Скопје – Виена Иншуренс Груп“ Скопје.
Период на осигурување: 06.08.2025 - 06.08.2026 година.
Осигурана сума: 250.000 ЕУР.

## 2. ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ СТРУКТУРНИ АРАНЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА

- **Име на меѓународната мрежа со краток опис на истата**

ТП „СКОЛАР-П" - Прилеп делува како овластен ревизор – трговец поединец на територијата на Република Северна Македонија и е член на Институтот на Овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ). ИОРРСМ е полноправна членка на Меѓународната Федерација на Сметководители од 14.11.2013 година. ТП „СКОЛАР-П" – Прилеп не припаѓа на други професионални или меѓунардони мрежи.

- **Клучни елементи од договорот за основање или друг вид на договор за членство во меѓународна мрежа**

/

- **Големина на мрежата**

/

## 3. ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

- **Опис на начинот на управување во субјектот**

Трговец поединец – сопственик Александар Проданоски, овластен ревизор.
Управител и овластено лице Александар Проданоски, овластен ревизор.

СКОЛАР-П

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“
Александар Марјан Проданоски ТП
ул. Орде Тодороски – Шемко бр.45
7500 Прилеп, Р.С. Македонија
Моб: +389 75 453 219
tpskolarp@gmail.com
www.skolar-p.mk

## 4. ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ И ИЗЈАВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА НЕГОВОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на ТП „СКОЛАР-П“, е воспоставен во согласност со Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитет 1 и Меѓународниот стандард за ревизија 220. Воспоставените политики, преку интерниот Прирачник за контрола на квалитет, се дизајнирани со цел овластениот ревизор – трговец поединец (ОР-ТП) и неговиот персонал да се придржуваат на професионалните стадарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од ОР-ТП се соодветни на околностите.

МСКК 1 се однесува на системот на контрола на квалитет и вклучува политики и процедури кои ги дефинираат следните елементи: Одговорност на лидерот за спроведување на контрола на квалитетот во овластениот ревизор – трговец поединец; Релевантни етички барања; Прифаќање и одржување на односите со клиентот и специфични ангажмани; Човечки ресурси; Извршување на ангажманот и Мониторинг.

Меѓународниот стандард за ревизија 220 се однесува на одговорностите во ТП „СКОЛАР-П“ – Прилеп и ревизорскиот персонал само за ревизорските ангажмани.

Одговорен за квалитетот на севкупната ревизорска работа на овластениот ревизор – трговец поединец е Управителот – овластен ревизор, кој во името на ТП „СКОЛАР-П“ – Прилеп ги потпишува ревизорските извештаи.

Управителот донесува програма во вид на прашалници за постапките и процедурите за вршење на внатрешната контрола на квалитетот. Со оглед на правната форма и големина, нема посебно одделение за внатрешна контрола на квалитет, при што истата ќе се спроведува со ангажирање на надворешно лице овластен ревизор врз основ на договор за проверка на квалитетот на ревизорски ангажман, согласно барањата на Меѓународните стандарди за ревизија кои се прифатени во Република Северна Македонија.

Врз основ на барањата на Законот за ревизија, ТП „СКОЛАР-П“ – Прилеп доследно се придржува кон усвоениот Прирачник за контрола на квалитетот на ревизиите кои се спроведуваат, како на ниво на трговец поединец, така и на ниво на поединечни ангажмани, со цел вработените да се придржуваат интерните акти на овластениот ревизор – трговец поединец при спроведување на поставените задачи од страна на овластениот ревизор одговорен за ангажманот.

Вработените во ТП „СКОЛАР-П“ Прилеп треба да бидат независни во однос на клиентите и ангажманите. Барањата за независност беа во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители - МСКК1, и Меѓународниот стандард за ревизија 220 „Контрола на квалитет за ревизија и финансиски извештаи“. Кога потенцијалните закани по независноста не можат да бидат елиминирани или намалени до прифатливо ниво со примена на соодветни мерки на заштита, овластениот ревизор – трговец поединец одбива да го прифати или продолжи ангажманот.

Во процесот на прифаќање и продолжување на ангажманот, се врши проверка од аспект на расположливите ресурси, ризиците од ангажманот, интегритетот на менаџментот и проверка дали овластениот ревизор – трговец поединец може да ги применува етичките барања.

Управителот, врши проверка на потребите за човечки ресурси со цел обезбедување квалитетна и навремена услуга. Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси опфаќаат постапки за регрутирање, проверка на работењето, компетентност, развој на кариерата, унапредување и проценка на потребите на персоналот.

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П"
Александар Марјан Продановски ТП
ул. Орде Тодороски – Шемко бр.45
7500 Прилеп, Р.С. Македонија
Моб: +389 75 453 219
tpskolarp@gmail.com
www.skolar-p.mk

Политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет се дизајнирани да обезбедат разумна сигурност дека персоналот соодветно ги планира, надгледува и проверува ангажманите. Ангажманите се спроведуваат во согласност со усвоените професионални стандарди и законските барања. Извештаите се соодветни на околностите.

Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет имаат за цел обезбедување оценка за тоа дали системот на контрола на квалитет бил соодветно дизајниран и ефективно имплементиран, дали истиот е усогласен со професионалните стандарди и законската регулатива, како и тоа дали постапките биле соодветно спроведени за извештаите бидат соодветни на околностите.

Друштвото има политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет, со цел да ја одржат доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.

Изјавата за ефективност на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитетот е дадена како Прилог бр. 1 кон овој Извештај за транспарентност.

## 5. ДАТУМ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНАТА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Последна проверка за уверување во квалитетот на на ревизорот согласно со законот за ревизија е извршена во Ноември 2024 година од страна на ИОРРСМ.

## 6. СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА ЗА КОЈА СЕ ИЗВЕСТУВА

ЛМ Хачи Лачка ДООЕЛ Струга (законска, 2024); „ИБО ПОД" ДООЕЛ Прилеп (единечни ФИ, законска, 2024); „ИБО ПОД" ДООЕЛ (консолидирани ФИ, законска, 2024); „ТРИДЕСИНГ" ДООЕЛ Прилеп (договорна, 2024); „ЕРМИТАЖ-КОМПАНИ" ДООЕЛ Битола (договорна, 2024); „НИКУЧ ДИК" ДООЕЛ с.Живојно (договорна, 2024); „ФРИГО ГРУП КЛИМИ" ДООЕЛ Прилеп (договорна, 2024); „НАСТЕСКИ ДИЗАЈН" ДООЕЛ Прилеп (договорна, 2024); „КАДИНЕЦ" ДООЕЛ с.Пашино Рувци, (договорна, 2024); „БЕЛЛИССИМА-ЕС" ДООЕЛ Струга (договорна, 2024); „ЈОСИФОВ" ДООЕЛ Битола (законска, 2023); „ОЛИВИА ТЕХНИК ТЕКСТИЛ" ДООЕЛ Прилеп (законска, 2024); „ГС ГРОУП" ДОО Охрид (законска, 2024); „АГРО ЛЕСКА" ДООЕЛ Битола (единечни ФИ, законска, 2024); „АГРО ЛЕСКА" ДООЕЛ Битола (консолидирани ФИ, договорна, 2024); „ДЕТАЛ ВЕЛД ИНЖИНЕРИНГ" ДООЕЛ Кавадарци (законска, 2024); „ПЕЛАГОНИЈА ПЕТРОЛ" ДООЕЛ Битола (законска, 2024); „ПЕ-КОМ2" ДООЕЛ Струга (законска, 2024); „ЕВТИНИЈА" ДООЕЛ Демир Хисар (законска, 2024); „ГАРИ-СУРАН" ДООЕЛ Скопје (договорна, 2024); „К.Н.-ИНГЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Струга (законска, 2024); „КОСМОС КОМПАНИ" ДОО Битола (единечни ФИ, законска, 2024); „КОСМОС КОМПАНИ" ДОО Битола (консолидирани ФИ, законска, 2024), „ХАРИС" ДООЕЛ Прилеп (договорна, 2024); „НАБИЗИ" ДОО Струга (законска, 2024); „БУНАР ПЕТРОЛ" ДОО Гостивар (законска, 2024); „ЈОСИФОВ" ДООЕЛ Битола (законска, 2024); „ТЕПИХ СЕРВИС МАКС" ДОО Прилеп (договорна, 2024); „ВИЕМИ З&З" ДООЕЛ Охрид (законска, 2024); „ИБО ПОД" ДООЕЛ Прилеп (консолидирани ФИ, законска, 2024); „ГОАТ МАРКЕТ" ДОО Велес (договорна, 2024); „СВЕЖИНА ТИМ СЕРВИС" ДООЕЛ Прилеп (договорна, 2024); „ЕНТРА ЕНЕРЖИ" ДОО Скопје (единечни ФИ, законска, 2024); „ЕНТРА ЕНЕРЖИ" ДОО Скопје (консолидирани ФИ, законска, 2024); „ГЕРМИТ" ДОО Битола (договорна, 2024); „МАКС ТРАДЕ" ДОО Скопје (договорна, 2024); „РЕГНУМ ИНЖЕНЕРИНГ" ДООЕЛ Скопје (договорна, 2020).

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“
Александар Марјан Проданоски ТП
ул. Орде Тодороски – Шемко бр.45
7500 Прилеп, Р.С. Македонија
Моб: +389 75 453 219
tpskolarp@gmail.com
www.skolar-p.mk

## 7. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

Оваа изјава е дадена како Прилог број 2 кон овој Извештај.

## 8. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА КОНТИНУИРАНОТО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА ЗА КОЈА СЕ ИЗВЕСТУВА

Оваа изјава е дадена како Прилог број 3 кон овој Извештај.

## 9. ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

ТП „СКОЛАР-П“ Прилеп, во текот на 2025 година ги нудеше следните услуги:

- Услуги на ревизија на единечни и консолидирани сметки,
- Дополнителни услуги за уверување во квалитет,
- Даночни советодавни услуги,
- Сметководствени услуги,
- Консултантски услуги.

ТП „СКОЛАР-П“ Прилеп во 2025 година има остварено вкупен приход во износ од 2.718 илјади денари расчленет по следните видови приходи:

| | во 000 МКД | во % |
|---|---|---|
| Приходи од ревизорски услуги | 2.527 | 93 |
| Приходи од услуги на уверување во квалитет | 113 | 4 |
| Даночни, сметководствени и др. советодавни услуги | 23 | 1 |
| Други неревизорски услуги | 55 | 2 |

## 10. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Основата по која се утврдуваше хонорарот на овластениот ревизор во 2025 година беше фиксна плата согласно договорот за работа.

Прилеп, 31.03.2026 година

Овластено лице
Александар Проданоски

СКОЛАР-П

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“
Александар Марјан Проданоски ТП
ул. Орде Тодороски – Шемко бр.45
7500 Прилеп, Р.С. Македонија
Моб: +389 75 453 219
tpskolarp@gmail.com
www.skolar-p.mk

**Прилог број 1**

**ИЗЈАВА**

**За ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

Изјавувам дека во Трговец поединец за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“ Александар Марјан Проданоски ТП Прилеп во текот на 2025 година ефективно функционираше внатрешниот систем на контрола на квалитет согласно Меѓународните стандарди за ревизија кои се прифатени во Република Северна Македонија.

Прилеп, 31.03.2026 година

Трговец поединец за ревизија и консалтинг Александар Марјан Проданоски ТП СКОЛАР-П Прилеп

Овластено лице
Александар Проданоски

СКОЛАР-П

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“
Александар Марјан Проданоски ТП
ул. Орде Тодороски – Шемко бр.45
7500 Прилеп, Р.С. Македонија
Моб: +389 75 453 219
tpskolarp@gmail.com
www.skolar-p.mk

**Прилог број 2**

## ИЗЈАВА

**за независното работење на овластен ревизор – трговец поединец со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Изјавувам дека во овластениот ревизор – трговец поединец „СКОЛАР-П“ Александар Марјан Проданоски ТП Прилеп постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста согласно Меѓународните стандарди за ревизија кои се прифатени во Република Северна Македонија и дека истите се спроведуваат.

Прилеп, 31.03.2026 година

Овластено лице
Александар Проданоски

СКОЛАР-П

ТП за ревизија и консалтинг „СКОЛАР-П“
Александар Марјан Проданоски ТП
ул. Орде Тодороски – Шемко бр.45
7500 Прилеп, Р.С. Македонија
Моб: +389 75 453 219
tpskolarp@gmail.com
www.skolar-p.mk

**Прилог број 3**

## ИЗЈАВА

**за политиката што ја следи овластениот ревизор – трговец поединец за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината**

Изјавувам дека овластениот ревизор - трговец поединец „СКОЛАР-П“ Александар Марјан Проданоски ТП Прилеп во 2025 година ефективно ја следеше воспоставената политика за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во Друштвото.

Прилеп, 31.03.2026 година

Овластено лице
Александар Проданоски